Дневни билтени

2015

- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

2024

# Извадок на дел од дневни настани 02.01.2024

На 01.01.2024 во 22.00 часот на подрачјето на Аеродром полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Ѓ.Г.(41) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 01.01.2024 во 23.50 часот на подрачјето на Гази Баба полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.К.(19) од с.Идризово, скопско, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 01.01.2024 во 15.00 часот било пријавено дека на регионалниот пат Куманово-Граничен премин Белановце, кај с.Слупчане четирицикл „кимко“ со кумановски регистарски ознаки, управуван од И.З.(49) од с.Лојане излетал надвор од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот, констатирани во Општата болница Куманово. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Куманово.

Вчера (1 јануари) од 13 до 19 часот на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Тетово спроведена е акциска контрола за брзина со која се движат возилата, во која вкупно биле изречени 105 мерки (ТЕ-82 и ГВ-23).При контролата биле откриени и санкционирани 70 пречекорувања на максимално дозволената брзина надвор од населено место (ТЕ-47 и ГВ-23), од кои 6 (ТЕ) пречекориле за над 70 километри на час. Покрај ова, санкционирани се и 35 (ТЕ) пречекорувања на пропишаната брзина во населено место, од кои 2 (ТЕ) за повеќе од 50 километри на час. При контролата, исто така, санкционирани се и 5 други видови сообраќајни прекршоци.

На 01.01.2024 во 18.30 часот било пријавено дека на регионалниот пат Охрид-Свети Наум се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило „голф“ со црногорски регистарски ознаки, управувано од В.И.(77) од Р.Црна Гора, патничко моторно возило „мерцедес“ со српски национални ознаки, управувано од С.М.(27) од Р.Србија и патничко моторно возило „форд“ со охридски регистарски ознаки, управувано од С.Т.(61) од Охрид. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила сопатничка од возилото „голф“ О.И.(70) од Р.Црна Гора, а со телесни повреди се здобиле тројцата возачи, двајца сопатници од возило „голф“ и уште двајца сопатници од возилото „мерцедес“, констатирани во Специјалната болница „Св.Еразмо“ во Охрид. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Охрид.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (01.01.2024) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се 74 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 41 санкција, 14 мерки за возење без возачка дозвола, две санкции за користење мобилен телефон при возење, шест санкции за минување на затворен сигнал - црвено светло, три санкции за управување под дејство на алкохол...

На 01.01.2024 во 14.25 часот во Полициската станица Аеродром В.С.(71) од Скопје пријавил дека на бул.„АСНОМ“ бил каснат од куче скитник.

На 01.01.2024 во 21.20 часот во Полициската станица Чаир, Х.О.(62) од Скопје пријавил дека на ул.„Качанички пат“ бил каснат од куче скитник.

Денеска (02.01.2024) во 01.10 часот во Полициската станица Бит Пазар Н.Б.(42) од Скопје пријавила дека на ул.„Македонско- Косовска бригада“ нејзината малолетна ќерка била касната од куче скитник.

Националната единица за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија со луѓе при Секторот за криминалистички истраги во Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал до ОЈО за ГОКК поднесе кривична пријава против шест лица за сторено кривично дело „Организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со дете и криумчарење на мигранти“ предвидено и казниво по член 418-в став 2 на територија на Р.Бугарија и Р.Унгарија и тоа против Ц.Н.(23), А.М. (23), И.Б. (20), тројцата од Охрид, како и против А.С. (23), Ф.З. (21), двајцата од Кратово и Б.Д. (25) од Куманово. Во временски период од август 2021 година до мај 2023 година, со цел стекнување на противправна имотна и материјална корист, сега кривично пријавените, како дел од меѓународна криминална група организирана од лица за кои веќе е поднесена кривична пријава, биле ангажирани во улога на лица кои го вршеле прифаќањето и превезувањето на лицата- илегални мигранти на територија на Р.Бугарија и Р.Унгарија. На кривично пријавените за успешно извршено криумчарење на мигранти им била исплаќана парична надокнада во висина од 1000-3000 евра, во зависност од земјата во која требало да го вршат прифаќањето и превезувањето на илегалните мигранти.

На 01.01.2024 на подрачјето на СВР Штип спроведена е акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 61 прекршоци, од кои 46 надвор од населено место и 15 во населено место. Санкционирани биле и 15 други видови на прекршоци.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Ж.Р. (34) од Охрид и Љ.З.(41), двајцата од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори“. При претрес извршен во стан во Охрид што заеднички го користеле, полициските службеници, пронајдоа и одзедоа кокаин.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против Е.Б.(46) од струшкото село Лабуништа, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори“. При преглед извршен во возило „опел“ кое тој го управувал по локален пат во струшкото село Мислешево, полициските службеници пронајдоа и одзедоа марихуана.

На 01.01.2023 на подрачје на Секторот за внатрешни работи Струмица била спроведена засилена контрола за санкционирање на возачи кои управуваат моторни возила со брзина поголема од дозволената. Притоа, биле констатирани 75 прекршоци, од кои 29 на подрачје на Струмица, 16 на подрачје на Гевгелија и по 15 на подрачјата на Радовиш и Валандово. Од нив, 56 пречекорувања на брзината биле констатирани надвор од населено место, а 19 во населено место. Сите констатирани прекршоци биле соодветно санкционирани.

На 01.01.2023 во 17.40 часот во ОВР-Неготино, Н.Т.(76) од Неготино, пријавил дека на улица „Маршал Тито“ во Неготино бил каснат од куче скитник.

На 01.01.2024 во 18.30 часот во СВР Битола, е пријавено дека на регионалниот пат Битола-Прилеп кај место викано Џаферица, на И.С.(67) од Прилеп, додека управувал патничко моторно возило марка „сузуки“ со прилепски регистарски ознаки, му се слошило и возилото излетало од патот. И.С. починал на лице место, смртта ја констатирал доктор од итна медицинска помош, а во консултација со јавен обвинител телото на починатиот е предадено на семејството.

На 01.01.2024 полициски службеници од Македонска Каменица го лишиле од слобода Д.С.(57) од Македонска Каменица, затоа што, според пријавеното, со ловечка пушка му нанел прострелни рани на Д.Ј.(39) од Македонска Каменица, додека бил на лов со повеќе лица во с.Пресека, кочанско. По документирање на случајот против Д.С. ќе биде поднесена кривична пријава.

На 01.01.2024 во 09.40 часот на подрачјето на Драчево полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Б.Д.(40) од Скопје, поради тоа што истиот ден со метален предмет физички го нападнал Д.Г.(26) од Скопје и му нанел тешки телесни повреди. По целосно документирање на случајот, ќе следува соодветен поднесок.

На 01.01.2024 во 19.50 часот во СВР Скопје, 53- годишна жена пријавила дека околу 19.30 часот во викенд куќа во скопско село била физички нападната од својот партнер М.Д. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (02.01.2024) во 01.40 часот на подрачјето на Драчево полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Е.Т.(28) од с.Долно Количани, скопско, поради тоа што претходно во угостителски објект на подрачјето на Драчево, тој и неговиот брат Е.Т. физички ги нападнале Б.И.(39) од Скопје и П.Б., а исто така им се закaниле и со остар предмет, по што оштетиле дел од инвентарот во објектот. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

На 01.01.2024 во 21.21 часот во Полициската станица Карпош, М.Д.(66) пријавил дека неговата ќерка Б.Д.(30), за која тој на 27.12.2023 пријавил дека се оддалечила од домот, се вратила во својот дом.

Денеска (02.01.2024) во 06.08 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Бутел за сега непознат сторител насилно ја отворил влезната врата од детска градинка, по што влегол внатре и извршил претурање и, според пријавеното до сега, не е одземено ништо. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет